Бр. 20-4212/16
25.06.2020 година

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Трговско друштво
БИОМЕДИКА ДИЈАГНОСТИКА ДООЕЛ
Бр. 03-179
25.06.2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Министерство за здравство на Република Северна Македонија**, ул. 50-та Дивизија бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од Министер Доц. д-р Венко Филипче
(во понатамошниот текст „**Договорен орган**") од една страна,
и
**Б. Биомедика дијагностика дооел Скопје** , бул. Илинден бр, 103 локал 2 и 3 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕДБ 4029008502920, матичен број 6391257, Жиро сметка ______________, Банка Депонент ______________ Банка , застапувано од **Герхард Стеинер** (во понатамошниот текст „**Носител на набавката"**) од друга страна.

Составен дел од овој Договор е:
- Тендерската документација и техничката спецификација бр. 20-4212/4 од 12/06/.2020 година;
- Понудата на Носителот на набавката

## II. ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој Договор одделни поими и изрази се употребени и превземнени од ЗЈН.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на **Тестови и брисеви за SARS-CoV-2 апликативни на Genexpert платформата „или еквивалентно„ за потребите на јавно здравствените установи во Република Северна Македонија**, врз основа на Одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки, бр. 20-4212/3 од 12/06/2020 година, спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас **бр. 17-2431/4** од 13/03/2020 година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 20-4212/14 од 25/06/2020 година, а согласно тендерската документација, техничката спецификација и Понудата на Носителот на набавката, како задолжителни и составни


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

делови од овој Договор.

Носителот на набавката, според спецификацијата на Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки – **Тестови и брисеви за SARS-CoV-2 апликативни на Genexpert платформата „или еквивалентно„, за потребите на јавно здравствените установи во Република Северна Македонија**, треба да ги испорача следново:

| ДЕЛ | Тестови и брисеви за SARS-CoV-2 апликативни на Genexpert платформата „или еквивалентно„, за потребите на јавно здравствените установи во Република Северна Македонија | Един мерка | количина | Единечна Цена без ДДВ | Вкупно без дд | Вкупно со ддв | Опис на понуденото /паковање/ производител/земја на потекло |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | Тест кертриџ за детекција на SARS-CoV-2 од примероци од назален, назофарингеален, орофарингеален брис или назална промивка. Во кертриџот да се вклучени реагенси за изолација на вирусна РНК, амплификација детекција на таргетните секвенци со помош на РТ-РТ ПВР реакција. Кертриџите да се апликативни на Genexpert платформата „или еквивалентно„. | број | 1000 | 3.010,00 | 3.010.000,00 | 3.551.800,00 | Xpert SARS-CoV-2 10 кертриџи Cepheid |
| ДЕЛ 2 | Брисеви за земање примерок за детекција на SARS-CoV-2 вирусот со вклучен соодветен вирусен транспортен медиум | број | 1000 | 90,00 | 90.000,00 | 106.200,00 | Swab with 3mL VTM 150 брисеви Nodford International Co, Ltd Кина |

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната цена на предметот на набавка, без вклучен ДДВ, изнесува **3.100.000,00** денари.. Вкупна вредност на предметот на набавка со вклучен ДДВ изнесува **3.658.000,00** денари.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Договорот се склучува на определено време за период од 3 месеци односно до исцрпување на количините

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 6**

Добавувачот е должен да ги чува предметните набавки во сопствениот магацин и да ги дистрибуира во рок од 7-10 дена по склучување на договорот, испораката треба да се изврши до Министерство за здравство на РСМ од страна на Договорниот орган .

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин плаќање вирмански во рок од 15 дена по испорака и дистрибуција на предметот на набавка, со доставување на фактура и испратвница од страна на Носителот на набавката краен корисник до Министерство за здравство на РСМ.

За уредно доставена фактура се смета фактура за испорачана стока која ги содржи: - уредно потпишана испратница и фактурата од страна на Носителот на набавката и Министерство за здравство како краен корисник.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерство за здравство, донациска сметка 19001 00434 785 К2, за што Министерството за здравство ја информираше Владата на Република Северна Македонија која материјалот го усвои на Педесет и осмата седница одржана на 29 мај 2020 година
НАПОМЕНА: Договорниот орган е буџетски корисник, финалното одобрување на исплатата се врши од Трезор на Министерството за Финансии.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 8**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, Договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 9**

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена спорот се решава пред арбитражна комисија.

## XI РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## XII КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување а време на реализација на овој Договор.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 12**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на Договорните страни по писмен пат. Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

**Договорни страни:**

**Договорен орган**
**Министерство за здравство на РСМ – Скопје**
**Министер**
**Доц. Д-р Венко Филипче**
---------------------

**Носител на набавката**
**Биомедика Дијагностика Скопје**
**Герхард Стеинер**
------------------

Изготвил Пехчевска Тања